**ПАНЧУРОВА Викторија** **УДК:** 343.61(497.7)

# КАРАКТЕРИСТИКИ НА КРИВИЧНО ДЕЛО УБИСТВО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Апстракт:** Кривичното дело убиство како дело против животот и телото на едно лице е облик на криминалитет кој што постои уште од кога се знае за човештвото. Условот кој е потребен едно лице да биде одговорно за стореното кривично дело е всушност неговата способност за вина. Конкретно кај нас оваа кривично дело во последните години не бележи некое енормно зголемување што е добро и важи повеќе за машка работа бидејќи ако се погледнат податоците ќе се забележи дека жени сторители има многу малку во однос на мажи но за разлика од тоа како жртви многу повеќе се појавуваат жените отколку мажите.

**Клучни зборови**: *убиство, насилство, сторители, жртви.*

**PANCUROVA Viktorija** **UDK:** 343.61(497.7)

# CHARACTERISTICS OF THE CRIME OF MURDER IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

**Abstract:** Crime as an act against human life and life in particular is a form of criminality that has existed since the dawn of mankind. The condition required for a person to be responsible for the crime committed is actually his capacity for guilt. In our country, in particular, this crime has not seen an enormous increase in recent years, which is good, and is considered to be more of a man's work , because if you look at the data, you will notice that there are very few female perpetrators compared to men, but in contrast, there are many more female victims.
**Key words**: murder,violence, perpetrators, victims.

## ВОВЕД

Делата против животот и телото се најосновниот облик на криминалитет во општа социолошка и криминолошка смисла. Денес кога светот се развива сѐ повеќе и повеќе се забележува како и насилствата против животот и телото стануваат сѐ повеќе застрашувачки понетолерирачки одошто порано што е резултат на нараснатите чувства. Во современите општества почитувањето и заштитата на човековиот живот и телесен интегритет се елементарна основа на човековата цивилизација. Денес дури и да не постои казнено законодавство кое не укажува заштита на овие основни и највредни добра на човекот. Тие имаат универзален карактер и се содржани во многу меѓународни документи меѓу кои: Декларација за права на човекот на ООН каде што во член 3 се вели:

[1]: Секој има право на живот, слобода и сигурност. Евопска конвенција за човекови права и слободи член 2 став1 каде што вели[2]: Правото на живот на секој човек е заштитено со закон. Додека кај нас оваа материја е уредена и со Уставот каде што вели: Животот на човекот е неприкосновен. Во Република Македонија не може да се изрече смртна казна по ниту еден основ.[3] Убиство е свесен акт на еден човек кој резултира со смрт на друг човек односно самиот чин вклучува дејства од негрижа и невнимание како и случајни дејства. Согласно традиционалните дефиниции убиството се дефинира како акт на лишување од живот на едно човечко битие од страна на друго човечко битие со директна намера односно умисла или пак настанува како резултат на невнимание.

## 1. Кривично дело убиство

Нашиот Кривичен законик јасно наведува дека кривично е одговорен сторителот кој е пресметлив и што кривичното дело го сторил со умисла или од небрежност и притоа бил свесен или бил должен и можел да биде свесен за забранетоста на делото. Што значи дека услов за едно лице да биде одговорно за казнено дело е да биде пресметливо односно способно за вина. За постоење кривично дело не е доволно само да постои поведение на човекот кое е противправно туку и субјективен елемент кој изразува одреден психички однос на сторителот спрема извршеното кривично дело. Вината е нужен елемент на кривичната одговорност[4]. Вината секогаш означува свест и сакање на одредено телесно движење или пак свест и волја за пропуштање на истото. Особено е значајно правилото actio libera in causa( дејствие слободно во причината) кое претставува исклучок од правилото според кое нема вина за дело сторено во непресметлива состојба што значи се казнува сторителот кој самиот по сопствена вина се довел во непресметлива состојба.[5]

Кај нас во Кривичниот закон оваа дејствие е уредено на следниот начин:Тој што друг ќе лиши од живот ќе се казни со затвор од најмалку 5 години[6]. Со затвор најмалку десет години или со доживотен затвор ќе се казни тој што: друг ќе лиши од живот на свиреп или подмолен начин, друг ќе лиши од живот при вршење на семејно насилство, друг ќе лиши од живот и притоа со умисла ќе го доведе во опасност животот на уште некое лице, друг ќе лиши од живот од користољубие, заради извршување или прикривање на друго кривично дело, од безобѕирна одмазда или од други ниски побуди, друг ќе лиши од живот по порачка, ќе лиши од живот женско лице за кое знае дека е бремено или малолетно лице и ќе лиши од живот судија, јавен обвинител или адвокат, при вршењето на неговата функција, односно дејност или службено или воено лице при вршењето на работите на јавната или државната безбедност [7]. Покрај основниот вид на убиство постојат и квалифицирани и привилигирани

---

[1] General Assembly of Unitet Nations, ''Universal Declaration of Human Rights'' 10 December 1948.
[2] Council of Europe, ''Convention for the Protection of Human Rights and Fundamental Freedoms'' 4 November 1950.
[3] Устав на Република Северна Македонија чл. 10.
[4] Сулејманов З., Кривично право Скопје 2001 година.
[5] Кошевалиска О., Скрипта за казнено процесно право-применета програма 2013.
[6] Кривичен Законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 37/1996; 80/1999; 4/2002; 43/2003; 19/2004; 81/2005; 60/2006; 73/2006; 7/2008; 139/2008; 114/2009; 51/2011; 135/2011; 185/2011; 142/2012; 166/2012; 55/2013 и 82/2013) член 123 став 1.
[7] Кривичен Законик(„Службен весник на Република Македонија" бр. 37/1996; 80/1999; 4/2002; 43/2003; 19/2004; 81/2005; 60/2006; 73/2006; 7/2008; 139/2008; 114/2009; 51/2011; 135/2011; 185/2011; 142/2012; 166/2012; 55/2013 и 82/2013) член 123 став 2.

убиства кои од основното дело на убиство се разликуваат по начинот на извршување, својствата на жртвата, субјективните околности и така натаму.

## 2. Статистички податоци за кривично дело убиство на територијата на РСМ

Светлата и темната бројка заедно го сочинуваат овој криминалитет. Светлата бројка се всушност оние дела кои се познати на полицијата а темната бројка го претставува тој скриен криминалитет. Темната бројка кај ова кривично дело е мала во однос на другите кривични дела којшто се од полесен карактер. Станува збор за кривично дело кое има доста тежок карактер и кое е потешко да се сокрие односно не станува збор за кражба или слично каде што можат многу полесно да се скријат предметите кои се украни туку зборуваме за човечко тело кое треба да биде прикриено.

**Табела.1** Податоци за вкупно извршени кривични дела убиство во периодот од 2017-2021[8]

| 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|
| **25** | 17 | 22 | 9 | 13 |

Од оваа табела можеме да зебележиме дека вкупно на територијата на РСМ во 2017 година биле извршени 25 кривични дела убиство од кои по преземени мерки расветлени и документирани се 21 убиство, а нересветлени останале 4 убиства. Од живот биле лишени 29 лица од кои 21 машки лица и 8 женски лица. Најстарата жртва била 79 години а најмладата жртва е дете на возраст од 17 години. [9] Во 2018 година имаме благо намалување односно регистрирани се 17 убиства во кои од живот се лишени 19 лица. Биле расветлени 16 убиства додека само едно убиство во Скопје останало нерасветлено. Од жртвите на оваа кривично дело 10 биле машки лица а 9 женски. Најстарата жртва била 77 годишна жена а најмладата 14 години.[10] Во 2019 година има вкупно 22 убиства во кои од живот се лишени 23 лица. Најмладото убиено лице овде е 10 години.[11] Во 2020 година за првпат после 15 години на територијата на РСМ имаат евидентирано толку мал број на убиства односно само 9 убиства на цела територија.Во оваа година биле пријавени 16 сторители на оваа кривично дело.[12] Во 2021 година имаме повторно зголемување кај кривично дело убиство. Регистрирани се 13 убиства од кои само две во Скопје останале нерасветлени.[13]

---

[8] Податоците се преземени од годишните извештаи на МВР.

[9] Извештај за здравје на населението во РМ за 2017 година.

[10] https://mvr.gov.mk/Upload/Editor_Upload/Godisen%20izvestaj%202018.pdf

[11] https://mvr.gov.mk/Upload/Editor_Upload/%D0%9E%D0%9A%D0%A0%D0%90/%D0%93%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D1%88%D0%B5%D0%BD%20%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98%202019.pdf

[12] https://mvr.gov.mk/Upload/Editor_Upload/%D0%93%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D1%88%D0%B5%D0%BD%20%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98%202020.pdf

[13] https://mvr.gov.mk/Upload/Editor_Upload/Godisen%20izvestaj%20na%20MVR%20za%202021%20godina,%20%20-%2015_04_2022.pdf

**Графикон 1.** Убиства по подрачја за периодот од 2018-2019[14]




Можеме да забележиме дека на територијата на Скопје во 2018 година има помалку кривични дела во однос на 2019 година. Во Битола имаме сосема спротивна слика каде што во 2018 година имаме значително повеќе кривични дела во однос на следната 2019 година. Во Велес во 2018 година нема регистрирани кривични дела. Во Куманово ситуацијата во 2018 и 2019 година е скоро па иста нема преголеми отскокнувања. Во Охрид во 2018 година се забележани повеќе убиства отколку во 2019 година што не е случај и со Струмица каде што во 2019 година убиствата доминираат во однос на претходната година. Во Штип и двете години бројот на убиства бил изедначен.

**Графикон 2.** Убиства по подрачја за 2020 година[15]




Овој приказ од МВР ни овозможува да видиме колку кривични дела се извршени по региони. Можеме да забележиме дека доминира црвената боја која ја претставува 2019 година со што повеќе од забележливо е дека во 2020 година кривично дело убиство се намалило доста како што знаеме од погоре споменатото дека биле регистрирани само 9 убиства на цела

[14] Податоците се преземени од Годишниот извештај на МВР за 2019 година.
[15] Податоците се преземени од Годишниот извештај на МВР за 2020 година.

територија. Биле евидентирани по 3 убиства во Скопје и Битола и едно во Велес, Куманово и Тетово.

**Графикон 3.** Убиства по подрачја за 2021 година [16]




Во 2021 година се забележува зголемување во однос на претходната година. Во Скопје се евидентирани 5 убиства. Во Битола има едно убиство во однос на претходната кога имало 3. Во Велес оваа година имало 2 убиства во однос на минатата кога било едно. Во Охрид имало 3 убиства, во Струмица и Тетово по едно.

## 3. Сторители на кривични дела убиство

Сторителот на казнено дело е активен субјект. Сторител на казнено дело најчество е физичко лице а под определени услови може да се јави и правно лице. Поимот на сторителот го опфаќа непосредниот извршител на делото а и другите лица кои учествуваат во неговото извршување.

Активен субјект на казнено дело може да биде било кое физичко лице способно да преземе определено дејствие без оглед на полот и возраста[17]. Со анализа на сторените кривични дела повеќе од јасно ни е тоа дека кривичното дело убиство е повеќе машка работа. Жените кои се јавуваат како сторители на кривични дела се во многу мал број во однос на мажите, а тоа можеме да го забележиме доколку ги погледнеме податоците кои ги содржи Државен завод за статистика.[18]

[16] Податоците се преземени од Годишниот извештај на МВР за 2021 година.

[17] Габеров М., Кривично-правен аспект на кривично дело тешка телесна повреда Скопје 2015 година.

[18] http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__Sudstvo__ObvinetiOsudeniStoriteli/175_SK2_Mk_T60_ml.px/table/tableViewLayout2/?rxid=f9ede1e3-d7f0-4330-bec7-829d1f60c9c1

**Графикон 4.** Податоци за мажи и жени сторители на кривично дело убиство во периодот 2017-2021[19]




Преку овој графикон ја воочуваме разликата помеѓу мажите и жените како сторители на кривично дело убиство. Повеќе од јасно ни е дека мажите доминираат во овој криминалитет а тоа е доста воочливо и преку овој графикон.

Во 2017 година имало 19 мажи сторители на кривични дела и само една жена.

Во 2018 година оваа бројка паднала на 16 мажи сторители и не биле евидентирани жени.

Во 2019 година имаме идентични податоци како и во 2017 година.

Во 2020 година податоците од ДЗС покажуваат дека има 14 мажи сторители и ниту една жена.

Во 2021 година не е нешто по различна ситуацијата во однос на претходните односно има 16 мажи сторители и повторно една жена. Можеме да забележиме дека жените сторители на оваа кривично дело не се појавуваат во број поголем од еден во однос на мажите каде што е значително поголема бројка.

Но она што изненадува е податок добиен од истражување кој покажува на тоа дека убиствата на село од маж изнесуваат 66,5% а од жена 71,4% што се должи на специфичниот начин на живот во село. Професорот Сулејманов извршил истражување кое покажало дека голем дел од оние кои вршат убиства се неписмени со учество од 64,9%. Најголем процент од убиствата односно 86,5 % се извршени од лица кои имаат завршено само осмо одделение.

## 4. Жртви на кривично дело убиство

Била извршена и класификација на жртвите и тоа: потполно невина жртва, жртва чиј придонес во злосторството е незначаен, жртва провокатор, жртва еднакво виновна како сторителот. Како жртва може да се јави маж ,жена, дете без разлика на годините. Криминолозите уште многу одамна откриле дека во повеќе случаи постои врска помеѓу убијците и нивните жртви.

Кога зборуваме за жртва кај ова кривично дело тоа е всушност лицето кое е лишено од живот. Во најголем дел од обработените случаи жртвата и сторителот биле во блиска врска,

[19] Податоците се преземани од Државен завод за статистика.

односно најчесто се сопружници или вонбрачни партнери кои имаат заеднички деца, или биле во интимна партнерска врска, додека во помал дел се син/мајка и татко/ќерка.[20]

Многу полесно жртви можат да станат жените и децата отколку мажите, а на тоа упатуват и податоците за случаи на фемициди во нашата држава. Под поимот фемицид генерално се подразбира намерно убиство на жена затоа што е жена, но пошироките дефиниции ги вклучуваат сите убиства на жени или девојчиња. Фемицид најчесто се врши од мажи, но некогаш може да се вклучени и женски членови од семејството. Фемицидот се разликува од другите убиства на специфичен начин, односно повеќето случаи на фемициди се извршени од страна на партнери или поранешни партнери и вклучуваат постојано злоставување во домот, закани или заплашување, сексуално насилство или ситуации каде што жените имаат помалку моќ или помалку ресурси отколку нивниот партнер[21]. Анализи кои се направени во последните неколку години покажуваат дека 80% од убиствата на жени во Македонија се извршени од партнери или други членови на семејството. [22]

## 5. Причини и последици од кривично дело убиство

Утврдувањето на мотивите на криминалното поведение има свој одраз во криминологијата. Со помош на нив во оваа научна област може полесно да се согледат причините и условите на криминалитетот како масовна и индивидуална појава. Мотивите претставуваат спознајни, внатрешни органски и психички фактори што ја поттикнуваат желбата и ја принудуваат, насочуваат и раководат активноста на поединецот да се стреми да делува кон постигнување на точно определена цел. Најчесто во мотивите се сокриени непосредните објективни и субјективни фактори кои го навеле лицето да изврши кривично дело. Кај сторителите на кривичните дела убиство најчесто се појавува судир на два или повеќе мотиви. Мотивите кои влијаат врз потикнување на делото се нарекуваат негативни мотиви, а оние кои го попречуваат позитивни. Настојувањето на сторителот на противправен начин да ги оствари своите мотиви му дава специфичен печат за неговото поведение. Кај убиството најчесто лишувањето од живот на некое лице е главна и единствена цел но не се исклучува и можноста тоа лишување да се искористи за да се постигнат други цели.

Кај оваа кривично дело се јавуваат два вида на последици и тоа: непосредни и посредни. Непосредните се изразуваат во вид на смрт кај довршеното дело односно во вид на физички промени, нарушување на здравјето и психички трауми кај жртвата кај обидите за убиство.Посредните последици од убиствата најпрвин се одразуваат врз социоекономскиот статус и општествените односи на семејството на убиецот и жртвата.[23]

[20] http://www.glasprotivnasilstvo.org.mk/wp-content/uploads/2013/11/Femicidi-mk.final_.pdf

[21] Анализа на случаи на фемициди-Убиства на жени во РСМ.

[22] https://libertas.mk/analiza-na-femicidi-nad-80-od-ubistvata-na-zheni-vo-makedoni-a-se-izvrsheni-od-partneri-ili-drugi-chlenovi-na-seme-stvoto-na-zhrtvite/

[23] Сулејманов З., Убиства во Македонија Скопје.

## ЗАКЛУЧОК

Убиство е свесен акт на еден човек кој резултира со смрт на друг човек односно самиот чин вклучува дејства од негрижа и невнимание како и случајни дејства. Кривично дело убиство спаѓа во кривични дела против животот и телото. Кај нас убиството е дефинирано на следниот начин: Тој што друг ќе лиши од живот ќе се казни со затвор од најмалку пет години. Покрај основните видови имаме и квалифицирани и привилегирани убиства како посебни видови. Во анализираниот период бројката на кривични дела варира и е динамична односно немаме поклопување на иста бројка во текот на годините. МВР во овој период ја има завршено добро својата работа бидејќи најголем дел од кривичните дела кои биле сторени во овој период биле исто така расветлени. Како сторители кај оваа кривично дело мажите доминираат во однос на жените што е сосема спротивно кога се зборува за жртвите од истото.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Convention for the Protection of Human Rights and Fundamental Freedoms4 November 1950.

http://ustavensud.mk/wp-content/uploads/2017/09/Ustav-na-RM.pdf
https://mvr.gov.mk/
https://www.stat.gov.mk/

Universal Declaration of Human Rights'' 10 December 1948.

Електронски извори:

Камбовски Владо, Казнено право-општ дел Скопје 2006 година.

Камбовски Владо, Тупанчески Никола Казнено право-посебен дел Скопје 2011 година.

Кошевалиска Олга, Скрипта за казнено право применета проглама 2011 година.

Кривичен законик(„Службен весник на Република Македонија" бр. 37/1996; 80/1999; 4/2002; 43/2003; 19/2004; 81/2005; 60/2006; 73/2006; 7/2008; 139/2008; 114/2009; 51/2011; 135/2011; 185/2011; 142/2012; 166/2012; 55/2013 и 82/2013).

Сулејманов Зоран, Убиства во Македонија Скопје 1995 година.